# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО** | **БР. 5** |
| **ПОТРЕБА** | **ГОД.25** |

**Општина Чучер-Сандево, Мај 2022 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **ВТОРНИК** | **Бр. 5** |
| **по потреба** | **31 МАЈ 2022 год.** | **Год. 25** |


# 43.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Р.М.бр.05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (Службен гласник на Општина Чучер-Сандево бр.5/19), Градоначалник на Чучер-Сандево,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2022 година,Што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 11 седница,одржана на 30.05.2022 година

**Бр. 09-664/1**
**30.05.2022 год.**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Градоначалник**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09,192/15, 209/18 и “Службен весник на РСМ” 244/19,77/21 и 150/21), Советот на Општина ЧУЧЕР САНДЕВО на 11ТА седница, одржана на 30.05.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2022 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | Буџет | Самофинанси | Дотации | Донации |
|---|---|---|---|---|---|
| JD | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | -5.500.000 | 0 | 0 | 0 |
| JI | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ** | | | | |
| 482320 | Изградба на пречистителни станици и колектори | -1.100.000 | 0 | 0 | 0 |
| JD | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | |
| 482110 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 |
| FA | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 |
| E0 | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 600.000 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Чучер Сандево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2022 година.

**Бр. 08 - 614/1**
**30.05.2022 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 44.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ “РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ ВО КО ГОРНО И ДОЛНО ОРИЗАРИ - ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Се бјавувa Одлуката за кофинансирање на проектот “Рехабилитација на дел од улица Александар Урдаревски во КО Горно и Долно Оризари - Општина Шуто Оризари“, што Советот на Оштина Чучер-Сандево ја донесе 11-та седница, одржана на 30.05.2022 година.

**Бр.09-664/2**
**30.05.2022 год.**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/2019), Советот на Општина Чучер-Сандево на **11-та** седница, одржана на ден **30.05.2022** година, донесе

# О Д Л У К А
### ЗА КОФИНАСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ “РЕХАБИЛИТАЦИЈ НА ДЕЛ ОД УЛИЦА АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ ВО КО ГОРНО И ДОЛНО ОРИЗАРИ-ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ”

### Член 1

Со оваа одлука се определува износ од 449.934,00 денари со вклучен ДДВ за кофинасирање на проектот “Рехабилитација на улица Александар Урдаревски во КО Горно и Долно Оризари” фаза 2.

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Чучер-Сандево.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-614/2**
**30.05.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 45.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2022 ГОДИНА

Се објавува Одлуката за давање согласност на изменување и дополнување на годишен план за вработување во 2022 година, што Советот на Оштина Чучер-Сандево ја донесе на 11-та седница, одржана на 30.05.2022 година.

**Бр.09-664/3** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**30.05.2022 год.** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19) и член 20 б од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Р.М." бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на 11-та седница одржана на 30.05.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2022 ГОДИНА

### Член 1

Со оваа Одлука се дава Согласност на Изменување и дополнување на Годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево за 2022 година, со број 01-619/1 од 20.05.2022 година.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-614/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**30.05.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р.**

# 46.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ НА КП 630/2, КП 631, КП 627 И КП 629 КО БРОДЕЦ**

Се објавува Одлуката за донесување идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување планскиот опфат за вклопување на бесправни објекти на КП 630/2, КП 631, КП 627 и КП 629 КО Бродец, што Советот на Оштина Чучер-Сандево ја донесе на 11-та седница, одржана на 30.05.2022 година.

**Бр.09-644/4**
**30.05.2022 год.**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ’’ бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево’’ бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ’’ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на РСМ’’ бр.174/21) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ’’ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на 11-та седница одржана на ден 30.05.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ НА КП 630/2, КП 631, КП 627 и КП 629 КО БРОДЕЦ**

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење УП 1 бр.09-1997/2011 од 29.08.2011 година, за објект со намена А4-3 викенд куќа кој е изграден на КП 630/2, КП 631, КП 627 и КП 629 КО Бродец, Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека може да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08-614/4**
**30.05.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

# 47.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр. 05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ НА КП 1893 И КП 1894/1 КО ЧУЧЕР**

Се објавува Одлуката за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправни објекти на КП 1893 и КП 1894/1 КО Чучер, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 11-та седница одржана на 30.05.2022 година.

**Бр.09-644/5**
**30.05.2022 год.**
**Чучер-Сандево**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево'' бр.05/19), член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ'' бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17 и „Службен весник на РСМ'' бр.174/21) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ'' бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на 11-та седница одржана на ден 30.05.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИДНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ЗА ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ НА КП 1893 и КП 1894/1 КО ЧУЧЕР**

**Член 1**

По поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење УП 1 бр.09-2401/2011 од 31.08.2011 година, за објект со намена А1-1 стамбени куќи со дворови -самостојни кој е изграден на КП 1893 и КП 1894/1 КО Чучер, Советот на Општина Чучер-Сандево утврди дека може да се прошири планскиот опфат и да се изврши вклопување на бесправните објекти согласно одредбите од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Чучер-Сандево''.

**Бр.08-614/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**30.05.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Чучер-Сандево** **Сања Белинска с.р.**

# 48.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр. 05/02), и член 44 став (1) точка 3 од Статутот на Општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево“ бр.5/19), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2022 ГОДИНА

Се објавува-Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови на подрачјето на општина Чучер-Сандево за 2022 година, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на 10-та седница, одржана на 30.05.2022 година.

**Бр.09-644/6** **ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**30.05.2022 год.** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Чучер-Сандево** **Сашко Комненовиќ с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр.32/20), Советот на Општина Чучер-Сандево на **11-та** седница одржана на **30.05.2022** година, донесе:

## П Р О Г Р А М А

**за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2022 година**

## I. ВОВЕД

Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2022 година, преставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови и спроведување на постапка за донесување на истите, согласно член 40 од Законот за урбанистичко планирање.

Предмет на Годишната програма во зависност од просторот кој е предмет на планирањето, се урбанистички планови од членот 10 став 1 од Законот за урбанистичко планирање.

## II. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Урбанистичкото планирање служи за уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби, а нивното остварување се обезбедува низ континуираниот процес на изработувањето, донесувањето, спроведувањето и следењето на спроведувањето на плановите.

Согледувајќи ги насоките за развој на општината и потребите на правни и физички лица, а со цел овозможување на градби и комплекси на подрачјето на Општина Чучер-Сандево согласно законстата регулатива, се изработува годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти.

## III. ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

Во текот на 2022 година се планираат активности за изработка на:

1. Урбанистички планови за село
2. Урбанистички планови за вон населено место
3. Урбанистички проекти.

## IV. ЗАВРШУВАЊЕ НА ЗАПОЧНАТИ ПОСТАПКИ

Во 2019 година, согласно Програмата за изработка на Урбанистички планови, Урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Чучер Сандево за 2019 година, Општината отпочна постапка за изработка на Урбанистички план за вон населено место – дел од КО Побожје. Постапката за Урбанистички план вон населено место-индустриска зона Глуво Бразда, започната согласно Програмата за изработка на Урбанистички планови, Урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Чучер Сандево за 2017 година, продолжува со постапката до конечно донесување. Започнатите постапки ќе продолжат согласно одредбите на законите според кои се започнати и ќе бидат завршени во рокот предвиден во Законот за урбанистичко планирање.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

За финасирање на програмата средства ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2022 година во рамките на можностите и од страна на заинтересираните правни и физички лица, чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општина Чучер-Сандево.

## VI. РЕАЛИЗАЦИЈА

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзино спроведување по завршување на планскиот период, во законски предвидениот рок.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината зависно од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, Општината како нарачател на планот ќе склучи договор за изработка на планови со правни лица кои имаат овластувања и лиценца за изработка на урбанистички планови, согласно Законот за урбанистичко планирање, со исклучок на Урбанистички план вон населено место-индустриска зона Глуво Бразда, за кој план општината врз основа на Програмата за 2017 година и спроведена постапка има склучено договор за изработка на планот и со исклучок на Урбанистички план за вон населено место – дел од КО Побожје за кој план општината врз основа на Програмата за 2019 година и спроведена постапка има склучено договор за изработка на планот.

Годишната програма ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Чучер-Сандево, во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Чучер-Сандево

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево", а ќе се применува до 31.12.2022 година.

**Бр.08-614/6**
**30.05.2022 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Белинска с.р.**

**СОДРЖИНА**

**Стр.**

**43. Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2022 година..........................................................................................2**

**44. Одлука за кофинансирање на проектот ,,Рехабилитација на дел од улица Александар Урдаревски во КО Горно и Долно Оризари-Општина Шуто Оризари"..........................................................................................................4**

**45. Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Годишен план за вработување во 2022 година.........................................................................5**

**46. Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправни објекти на КП 630/2, КП 631, КП 627 и КП 629 КО Бродец...............................................................6**

**47. Одлука за донесување на идна урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат за вклопување на бесправни објекти на КП 1893 и КП 1894/1 КО Чучер.................................................................................7**

**48. Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Чучер-Сандево за 2022 година................................................8**